Елка Јачева-Улчар
Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“,
Скопје, Македонија
elka_jacevaulcar@yahoo.com

# ДОДАТОК
# ГЛАГОЛСКИ ПАРАДИГМИ ВО СТАРОСЛОВЕНСКИОТ ЈАЗИК

Сегашно време во канонскиот период на старословенскиот јазик се образува од несвршени глаголи со следниве наставки за тематските глаголи:

| | Еднина | Множина | Двоина |
|---|---|---|---|
| 1 лице | -ѫ | -мъ | -вѣ |
| 2 лице | -ши | -те | -та |
| 3 лице | -тъ | -ѫтъ/ -ѧтъ | -те |

Атематските глаголи, пак, се образуваат со следниве наставки:

| | Еднина | Множина | Двоина |
|---|---|---|---|
| 1 лице | -мь | -мъ | -вѣ |
| 2 лице | -си | -те | -та |
| 3 лице | -тъ | -ѫтъ/ -ѧтъ | -те |

Со презентските форми од несвршени глаголи може да се изразат следниве значења на презентот: *а) моментност на дејството; б) повторливост; в) омнитемпоралност; г) историски презент; д) идност; ѓ) готовност.*

Со презентските форми од глаголи од свршен вид се изразува: *а) идност,* но и б) *општо сегашно дејство во зависни реченици.*

Состојба во сегашно време по извршено дејство, т.е. минато дејство разгледувано од гледна точка на сегашноста може да изрази и *перфектот.*